Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 121/0306
18.03.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 март 2020 година, врз основа на примена жалба од КПУ Затвор Скопје – Скопје, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Телевизија „Алфа“, со прилогот насловен „Не ни даваат ниту вода – затвореници од кумановски затвор се жалат на ужасните услови“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 февруари 2020 година, КПУ Затвор Скопје – Скопје, во име на в.д директорот на затворот, Есад Рахиќ, поднесе жалба за прилогот со наслов „Не ни даваат ниту вода – затвореници од кумановски затвор се жалат на ужасните услови", емитуван на 12 февруари 2020 година, во централниот дневник на телевизија „Алфа" (www.alfa.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорениот прилог, посветен на условите во Затворот Куманово, била емитувана снимка од собите за престој во КПУ Затвор Скопје и од в.д. директорот Есад Рахиќ.

*„Бараме од Вас како соодветна институција да укажете на медиумот во иднина да не се случуваат грешки, сметајќи дека се работи за ненамерна грешка, несакајќи да помислиме дека се работи за тенденциозно постапување, поради што го доставуваме ова протестно барање со дел да не се нарушува неосновано и поради сторена грешка угледот на функцијата директор на КПУ Затвор – Скопје, со тоа и угледот на КПУ Затвор – Скопје како државна институција",* вели директорот Рахиќ во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија „Алфа" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Одговорниот уредник на медиумот, Искра Коровешовска, одговори на наводите на жалителот.

Коровешовска посочува дека во оспорениот прилог нема никаква тенденција во известувањето и дека е направена грешка при монтажата на прилогот. Таа појаснува дека при користење на инсертите за лошите услови во македонските затвори е направена грешка, кога ненамерно во кадар бил ставен директорот на КПУ Скопје, Есад Рахиќ.

Во согласност со Правилникот за работа на Комисијата за жалби, ставот на ТВ Алфа беше испратен до КПУ Затвор – Скопје, за да се изјасни дали одговорот на медиумот е доволен за затворање на спорот по пат на медијација, односно помирување меѓу страните. Од институцијата не одговорија на нашето барање, по што Комисијата ја продолжи постапката.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 март 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Прилогот, несомнено, произлегува од јавниот интерес, зашто медиумот обработува тема поврзана со условите во казнено-поправните установи во земјава, во случајов, во затворот во Куманово. Содржината на самиот прилог е коректна и во насока да се влијае на подобрувањето на условите во затворот, но редакцијата, сепак, направила пропуст кој повеќе е од техничка, но не и занемарлива природа. Комисијата констатираше дека во прилогот, освен автентични снимки од кумановскиот затвор, чии лоши условови се тема на текстот, употребени се и инсерти од Затворот „Скопје“ и од директорот на овој затвор, Есад Рахиќ. На овој начин, телевизијата лесно можела да ги доведе во заблуда гледачите да не можат да направат јасна проценка на која од двете казнено-поправни установи се однесува информацијата.

Членовите на Комисијата се согласија и го зедоа предвид фактот дека медиумите немаат секогаш автентични и оригинални снимки на одредена тема и дека, неретко, се принудени да користат архивски материјали. Затоа, медиумот, во рамките на самиот прилог, требало јасно да назначи дека се работи за архивски снимки, со што целосно ќе ја отстранел опасноста од манипулации и ставање на одредени лица во погрешен контекст.

Оттука, Комисијата утврди дека со вака објавениот прилог телевизија „Алфа“ го прекрши Кодексот на новинарите во **членот 1.** Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилноста и професионалноста на прилогот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува телевизија „Алфа“ (www.alfa.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595